СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-5743/47
26.09.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 33-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана заденес 26.09.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ,ПОЧИТУВАНИ МЕДИУМИ, ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ

Ја отварам 33-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат сите 19 советници.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

За денешната седница на Советот на Општина Кавадарци доставен е и Записникод 31-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 29.08.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот од 31-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 31-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот од претходната наша седница.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред

Согласно член 59 од Деловникот за работа, поради обврски на Директорот на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, предлагам измена на редоследот на точките на предложениот дневен ред и тоа точката:

Правилник за утврдување на надомест за остварување на програмска, деловна и техничка соработка со други субјекти на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ

Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци да биде реден број 1, а понатаму редоследно се менуа бројот на точките.

2. Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
3. Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
4. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
5. Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
6. Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
7. Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
8. Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
9. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ,,,,Страшо Пинџур,, Кавадарци за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација;

ТОЧКА 10. СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот ред. Понатаму редоследно се менува бројот на точките.

10. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
11. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
12. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;
13. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2022/2023 година;
14. Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2022/2023година;
15. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2024 година ;
16. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;
17. Предлог-Одлука за техничка исправка за ГП 4.57 и ГП 4.57 за Урбанистички План за село Сопот, КО Сопот, Општина Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.39/2023, поведен пред Основен суд Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.48/2023, поведен пред Основен суд Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет П1-17/23, поведен пред Основен суд Кавадарци;
22. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.8/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
23. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.25/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Точка 24. СЕ ИЗЗЕМА од денешниот Дневен ред, понатаму редоследно се менува бројот на точките.

24. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Диме Мукаетов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
25. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Марјан Тодоров за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
26. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Орданчо Јосифов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
27. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Васил Панарин за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
28. Предлог-Одлука за давање на донација – компјутер на Здружение планинарски спортски клуб “ОРЛЕ” Кавадарци;
29. Предлог-Одлука за давање на движна ствар компјутер на трајно користење без надомест на ЈП за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци;
30. Предлог-Одлука за давање на движни ствари - десктоп компјутери и лаптопови на трајно користење без надомест на ООУ,Страшо Пинџир,, Кавадарци;

31. Предлог-Одлука за давање на движни ствари десктоп компјутери и лаптопови на трајно користење без надомест на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
32. Предлог-Одлука за давање на движни ствари десктоп компјутери и лаптопови на трајно користење без надомест на ООУ„Димката А Габерот„ Кавадарци;
33. Предлог-Одлука за примање донација – Електротехнички проект од Трговско друштво за трговија на големо и мало, инжинеринг, производство и услуги "БЛАКОМ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје;
34. Предлог-Одлука за отстапување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, на управување и одржување на водоводна линија занаселено место Ресавски Залив;
35. Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2023 година на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци;
36. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци;
37. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„ Димката А Габерот„ с.Ваташа;
38. Предлог-Одлука за основање на „Јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар ШЕПА„ Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

39.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа:

Предлог-Одлука за донесување Урбанистички Проект со План за парцелација, за ГП.1.1, од Блок 1, од Урбанистички План за село Мрежичко, (Г2.9-Индустрија за пиво), КО Мрежичко, Општина Кавадарци ( одлука бр. 08-6481/33 од 15.11.2021), со намена Г2, на КП 1497-дел, КП 823/1-дел, КП 823/2, КП 822-дел, 821/2, КП 821/1-дел, КП 832-дел, КП 826, КП 827, КОМрежичко, Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на вакивот дневен ред .Молам за произнесување кој е за.

Констатирам дека точката е внесена во денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница со следната точка:

Предлог Одлука на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота бр.07-6062/10 од 27.12.2010 година со арх.бр.02-1641/9 од 25.09.2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред. Повели процедурално.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сметам дека нема да зборувам само за оваа точка туку за сите 4 наредни кои се предлагат да се внесат во дневниот ред. Мислам дека за точки кои што ги тангираат сите граѓани на Општина Кавадарци за измена на цени на комунални услуги мислам дека не е во ред да добиваме материјали на 20 часа пред почеток на седница и сметам дека воопшто не треба да влезат точките воопшто да се разгледуваат и да се дискутира по однос на овие точки. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Внесувањето на овие точки беше законски доставено до вас советниците, така да не би се врзувал за временски тајминг дали биле 20 часа или било претходно, согласно Деловникот сето е во складот на законот. Ве молам за произнесување по предложената точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Врз основа на кој член од Статутот на работа на Советот е доставување на материјал, 20 часа пред седница, посебно за битна точка е во однос на Статут.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи сите точки кои се предлагаат, а се предложени во законски мерки и во законски норми не се врзуваат со време, дали било ден, два или претходно. Значи пред денот за одржување доставен вибеше материјалот и внесени. Нема битни и небитни точки. Јас не ги делам така точките. Тоа е така по поканата, меѓутоа сите точки што се битни и точки што се небитни што се ставени, за нас сите се битни, не ги делиме така. Предлагам гласање. Кој е за. 12 за. Против. 6.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште,с.Страгово, с.Мрежичко и м.в. Мушов гроб бр.08-5263/11 од 25.08.2022 година со арх.бр.02-1641/7 од 25.09.2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дабниште, с.Горников и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово бр.08-1313/11 од 28.02.2023 година со арх.бр. 02-1641/6 од 25.09.2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. 11 за, 6 против.

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дабниште, с.Горников и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово бр.08-1313/11 од 28.02.2023 година со арх.бр. 02-1641/6 од 25.09.2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци е донесена во денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот бр.08-5263/10 од 25.08.2022 година со арх.бр. 02-1641/8 од 25.09.2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. 11 за, 6 против.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, на денешниот дневен ред предлагам дополнување нова точка, тоа е:

Предлог Одлука по Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад бр.07-413/8 од 08.02.2010 година со арх.бр. 02-1641/10 од 25.09.2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред. Ве молам кој е за прифаќање на ова точка на денешниот дневен ред. Ве молам за гласање. 11 за, 6 против.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на вака досегашниот изменет дневен ред. Бидејќи нема целокупниот изменет дневен ред го ставам на гласање. Јован Златевски се извинувам. Повели советниче.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во точка 6 Годишна Програма за работа на СОУ Ќиро Спанџов Брко дали е техничка грешка за учебната 23-та, 24-та година да се преправе тоа, ако е грешка.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да претпоставувам дека е техничка грешка. Најверојатно советниче е техничка грешка. Значи апослутно.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Дали е програма за наредниот период или е извештај. Ако е извештај е грешка. Ако е програма. Ок. Се извинувам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вака изменетиот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. 12. 5 против. 1 воздржан.

Преминуваме кон реализација на денешниот Дневен ред.

1. Правилник за утврдување на надомест за остварување на програмска, деловна и техничка соработка со други субјекти на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци.

Дали има некој збор, претрес по оваа точка. Нема. Повели Веса, се извинувам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани медиуми, почитувани граѓани, почитувани присутни, почитувани советници, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник.

Значи како прва точка на денешниот дневен ред имаме Предлог –Одлука за донесување на Правилник за утврдување на надомест за остварување на програмска, деловна и техничка соработка со други субјекти на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци и Одлука за усвојување на Правилник за утврдување на надомест за остварување на програмска, деловна и техничка соработка со други субјекти на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш, Кавадарци. Значи на сите досегашни седници, кога сме имале точка на дневен ред, поврзана со работењето на Локалниот Вински Музеј, вклучувајќи ја и првата седница зборував дека Локалниот Вински Музеј треба да остварува и сопствени приходи. Значи да не биде на терет на Општината, да целокупното свое работење го финансира со приходи, само со дотации од Општина, односно до Советот на Општина Кавадарци . Така да ја поздравувам оваа одлука за донесување на Правилник со кој што Локалниот Вински Музеј ќе почне да создава и сопствени приходи. Претходно, на претходните седници донесовме и одлука со која што Локалниот Вински Музеј, почна да остварува приходи и по друг основ, значи со продажба на вино, така што веќе во наредниот период во финансиските извештаи на оваа институција, покрај приходите дотациите од Општина Кавадарци, ќе имаме и сопствени приходи на оваа институција, во кој износ тие приходи ќе бидат тоа зависи нормално од начинот на работењето на оваа институција, од промоцијата на овие услуги што ги има институцијата, значи и нормално и од колку ќе има интерес кај граѓаните и кај правните лица да ги користат услугите на оваа локална институција. Значи позитивните критики за работењето на оваа институција даваат резултати, јас третирам дека и овој Правилник и претходните одлуки се резултат токму и на позитивните критики од наша страна за работењето на оваа институција. Тоа е добро. Тоа така треба и да биде и значи во иднина очекуваме подобри финансиски резултати од оваа финансиска институција, од оваа локална институција. Исто така сакам да напоменам, да го искористам овој момент, да ги повикам и граѓаните да купуваат вино од винотеките што работат во рамките на Локалниот Вински Музеј. На тој начин ќе им дадат и подршка на семејните винарии, кои

функционират во нашата Општина. Семејните винарии добија голема подршка и од Министерството за земјоделие, добија подршка и од Советот на Општина Кавадарци, така што со купувањето на вината на овие семејни винарии сите ние ќе им дадеме подршка во нивното работење, а тие ќе ни вратат со тоа што нивното работење воопшто позитивно влијае на лозарството во нашиот крај и во промоцијата на нашиот град, кога ги промовираат нивните производи, нивните вина, на сите семинари ширум нашата земја и ширум регионот. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште за самиот Локален Вински Музеј. Бев присутен пред Гроздоберот, имаше еден прекрасен инвент околку тој настан при разговор со менаџментот на Локалниот Вински Музеј сакам да ги споделам некои бројки од кога е формиран. Значи 11 000 посетители во неговите 3 години, од кога е формирана ова Јавна Општинска установа, 400 инвенти досега во овие 3 години, начинот на кој функционира и со проширување на дејноста што како Совет му ја дадовме на ова ЈОУ уверува дека е на прав пат раководството и менаџментот на ова ЈОУ мислам дека се достојни репрезенти на нашиот град и токму во тој правец го охрабрувам секое гледиште, секое размислување да биде инкорпорирано. Ова со Правилникот би го поздравил. Апсолутно сметам дека е добро да се остварува и приходи на овој начин. Така Директорке има нешто да дополните. Повелите.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ВЕСЕЛА ЧЕСТОЈАНОВА: Благодарам Претседателе, Почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувана администрација. Јас сакам само да се заблагодарам, затоа што после 3 години навистина и дел од советниците ја препознаа позитивната работа на Винскиот Музеј. Сите овие акти кои што ги носиме, ги носиме во насока, не само за подобрување на квалитетот на оваа институција, која што знаеме каква беше до пред 3 години. Навистина исто така можеме да се пофалиме со бројката од 11 000 посетители за 3 години и продолжуваме нели понатаму со проширената дејност, која што Советот на Локалната Самоуправа ни ја даде. Во врска со Правилникот само сакам да споменам дека овој Правилник произлегува од дополнителната дејност, усогласен е со Статутот на самата институција. Тоа е

надомест кој што самата институција ќе го остварува во делот на програмската, деловната и техичката соработка, бидејќи самата институција сега, за разлика од на почетокот, кога ние сами баравме посетителите да дојдат да не посетат, сега тоа е обратно и навистина имаме голем број на настани кои што треба да се склучат во наредниот период, на што посебно сме горди. Ви благодарам. Ако имате некое конкретно прашање за самиот правилник. Усогласен е со Методологијата за тоа како е пресметан надоместот. Целта ни е за самиот Правилник може самата институција нели да има една сигурност преку создавање на видливи услови за работењето, да може на тој начин да се заштити од злоупотреба, кражба и провала, создавање на одржливи услови на самите настани. Како што споменав самата Методологија во пресметката за тоа колку ќе изнесува надоместот е утврдена со одлуката за формирање на зони, со утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот. Така да сите законски регулативи се спазени при носењето на овој Правилник. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директорке. Пристапуваме кон гласање. Ве молам кој е за. Едногласно усвоен.

2. Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Пристапуваме кон гласање. Кој е за. Едногласно усвоено.

3. Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

4. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

5. Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.

6. Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес. Никој не бара збор.

7. Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

8. Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.

Едногласно усвоена.

9. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.Едногласно.

10. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

11. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Едногласно.

12. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Едногласно.

13. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2022/2023 година;

Едногласно.

14. Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2022/2023година;

Едногласно.

Му се заблагодарувам на директорите на основните и на средните општински училишта, би ве ослободил од понатамошниот тек на седницата.

15. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарциза 2024 година;

Повели Вуко Мелов. 15 точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, колеги советници, граѓани на Општина Кавадарци, медиуми. Ќе земам збор по однос на оваа точка, а

тоа е во делот на распределба на средства за наредниот буџет, односно за буџетот за следната година, за 2024 година. Од сите ставки кои што ги гледаме сега во ова распределба, односно однапред планирани средства кои што треба да се трошат во наредната 2024 година има износ за привремени вработувања 15 000 000 денари. Не знаеме дали ќе биде ова вкупниот износ на сите привремени вработувања, тоа ќе го видиме веројатно со буџетот кој што ќе се носи, во месец декември, меѓутоа сметам дека и овака оваа сума претставува сериозно голема сума која што ја троши Општината и која што врзува одреден дел на финансиски средства за привремени вработувања. Оваа година ако ги гледаме вкупните финансиски средства коишто ги дава само Општина Кавадарци за плати и за привремени вработувања, 80 000 000 денари за плати на администрација, 30 000 000 денара за времени вработувања, односно некаде околу 10 000 000 денара изнесува вкупниот износ на парични средства, кои што ги врзува Општината и кои што не може да ги искористи во капитални расходи. Ако се направи споредба со пред 4,5 години, таа сума изнесувала за барем 3 пати помалце, односно 30 и 3, 4 милиони денара. Така да сметам дека оваквиот начин на планирање и на трошење на финансиските средства сериозно го намалува капацитетот на Општината да инвестира и да вложува во она што се нарекува капитални инвестиции и капитално добро.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници, администрација, почитувани сограѓани. Општина Кавадарци, ако ја анализираме 10 години уназад, да ќе излезе дека и 3 пати имаме повеќе во делот на плати и во делот на сите работи. Ниту една капитална инвестиција нема да биде иземена за возврат на времените вработувања, тоа досега не е пракса и нема да се случе. И јас се согласувам дека времените вработувања влечат средства од буџетот на Општина Кавадарци и би сакал ниту едно привремено вработување да нема, меѓутоа сите знаеме заеднички сме разговарале и со советничките групи и со кординаторите дека сеуште нас во целост не ни се исполнети сите трансферирани вработувања во делот на решенијата од блок дотации. Во делот на Дом на култура имаме повеќе од 5 луѓе, коишто се неопходни и се под Агенција на времени вработувања, затоа што Министерството

за култура не им дава согласности и тоа по основ на пензионирање, го знаете, сме го разговарале неколку пати. Утреденот кога ќе дадат согласност за вработување, мислам дека тоа ќе биде растеретено во делот на времените вработувања. Времените вработувања најмногу ни зимаат во делот на предучилишното образование и детската градинка. Таму имаме 30 луѓе, коишто успеавме дел, 20 да се намалат изминатиов период и очекуваме наредната година да имаме барем уште 15 решенија и само тоа е начинот да тие луѓе се трансформираат со решенија, со блок дотации во делот на неопределено време или преку самите институции. Малтене немаме веќе место каде што немаме дадено по некое времено вработување. Во сите училишта, еве директорите беа пред малку тука, може нив да ги прашаш дека имат недостаток на технички персонал, имат недостаток на кадри во делот на системското работење и ние мора тоа некако да го покриеме, затоа што самото тоа ни праве проблем и треба да функционира. Точно е дека времените вработувања биле 33 000 000 денари пред 4 години, ама точно е дека платата 3 пати е веќе зголемена и верувам дека од пред 4 години ако направиме споредба, а тоа е и ваша доблест и цело време пофалба дека минималната плата отиде само на 20 500 денара, така да средна просечна плата е повеќе од 30 500 денара, која што е нето во делот на остварувањето на личните приходи. Значи зголемувањето на плати или зголемувањето на обврската на Општината кои што ги имаме, ние мораме некако да ги сервисираме. Еве конкретен случај ќе потенцирам и доколку се донесе одлуката на Влада, која што ја чекаме да ја донесат и го превземиме работењето на интернатот во Општина Кавадарци и таму ќе треба времено да ставиме двајца или тројца за да функционира интернатот, ќе треба да ги превземиме и тие вработени, кои што ни се пак на некој начин терет, али Општината не го гледа само работењето во делот на приходи и расходи, него и во делот на квалитетот на социјалните услуги или на условите кои што воопшто ги дава Општина Кавадарци, како општина во интерес на граѓаните. Во тој поглед мислам дека треба заеднички да се заземиме, да немаме преку Агенција за времени вработувања луѓе, што на некој начин не е возможно и секое пензионирање, прво оде во пензија, па бараме согласнот од

матичното министерство, па бараме од Министерството за финансии, па отпосле прашање дали ќе го добиеме, а тоа е поминати веќе 6 месеци. Значи за тоа е таа Агенција за времени вработувања да може да се најдеме во тој вакум период. За жал кај нас има луѓе што се повеќе од 2, 3, 4 години преку Агенција за времени вработувања и еве јас тврдам одговорно дека со првите решенија, кои што ќе ги добиеме истите тие луѓе кои што одат по 3,4 години, без разлика во која институција се, треба да добијат трансформација во делот на неопределено време, а нема да примаме нови, пошто ново примање значи, ако се отворе нешто ново или ако се зголеме обемот на работа. Во моментот ниту во градинките, ниту некаде имаме потреба за вработување. Напротив имаме потреба да ги решиме тие, кои што се на работа по долго време да си добијат решение преку блок дотација од самата градинка, така да тука и сами знаете дека Министерството за финансии последните година, година и пол е круто и воопшто не дава согласности за вработување, напротив и кога министерството матично се обратува до финансии и Општината се обраќа до Министерството за финансии, слухот е многу минимален во делот на давање на согласности и по основ на пензионирање. Тоа е пракса и мислам дека таа пракса е единствен начин и да ја надминиме е Агенција за времено вработување, меѓутоа не треба да биде тоа пракса и трајно решение за луѓето кои што функционират таму. Се надевам дека во иднина со новиот ребаланс Владата кој што ќе го донесе сега или со новиот буџет дека овие работи ќе ги предвиди и блок дотациите ќе ги зголеме по однос на вработувањето.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа во делот на добивањето на согласности. Ако направиме компарација 2022 со 2023, каде што во 2022 добивме одредени согласности, 20, 21 согласност за вработени лица во детски градинки и од друга страна ги споредиме сумите кои што ги планираме, ги трошиме, во буџетот гледаме дека станува збор за една иста сума. Значи не е само проблемот во делот на добивање на согласности и ако поради овие кризи кои што се случуваат да кажам на глобално ниво, таа работа потешко оди, меѓутоа гледаме и дека и кога се добиваат согласности, износот не се намалува, туку истиот

останува ист, што значи тоа дека едни добиваат решенија, а други ги најмиме под Агенција за времени вработувања. Ако ги споредиме износите за времени вработувања, пред 5 години биле 3 000 000, сега се 30 000 000 што е за 10 пати зголемување. Точно е дека е дел за зголемената плата, меѓутоа мораме сите да се сложиме дека станува збор во најголем дел дека зголемувањето такво е заради поголемиот број на лица, кои што ги ангажираме преку Привремени вработувања. Исто е и во делот на вработени во Општината, односно ако претходно цела плата за цела година изнесувала 30 000 000 денара, сега изнесува 80 000 000 денари и сме дебатирале и на претходни седници и сме се сложиле, утврдиле фактичка ситуација дека негде 25-30 лица нови се примени во последните 4, 5 години на работа и дека тоа влијае сериозно во делот на заробување на средства кои што може да ги искористи Општината попродуктивно и за одредени капитални инвестиции.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Едно мало надополнување. Значи Општина Кавадарци не може да ја споредуваме од пред 5 години, од пред 10 и пред 15 и сега. Јас можам да кажам дека Општина Кавадарци сега во секој сектор и во секое одделение е комплетно пополнета и си ги извршува своите обврски и задачи, така како што треба. Опразнети места пак во интерес на граѓаните немаме. Од 500 деца во градинка сега се 1300 запишани. Е па верувај дека тоа е два пати плус деца и дека вработените нормално од 100 се сега 160 во детските градинки, се отворија клонови на самата градинка и во Возарци и во Марена и дополнување на Пепето градинката, на Ваташката градинка, а и комплетно нова градинка се отвори каде што има потреба од нови вработувања. Новите вработени кои што беа дадени согласности, беа само за пополнување на новата градинка, а не и дополнување на капацитетите кои што ги направивме претходно во делот на Ваташката градинка, во Пепето, во Возарци и во Марена, сега е изградба на градинката во с. Дреново, нема да вработиме нови луѓе за с. Дреново, едноставно имаме капацитет од негувател и воспитувач од постоечките да повлечиме и да ставиме во с. Дреново. Така ќе биде и за с. Сопот, меѓутоа спремаме нова систематизација и во новата систематизација, ќе излезе дека има потреба тие да се добиваат, односно да си влезат во блок дотации, да бидат

решени, платата никогаш не била на Општина Кавадарци 30 000 000, добро се сеќам 2018 година беше46 000 000 денара, 2018 година беа 80, 2018, јас први ноември сум првоизбран за Градоначалник првиот мандат, значи 42 000 000 , атие 35 000 000-те што ги кажувате, не знам дали знаете 2018 година имаше од 57 вработени тужба према Општина Кавадарци затоа што претходно некој не ги завршил законските работи на вработените и сите, ако не сите, 57 вработени тужеа за кариера. Таа кариера ја повлекоа луѓето и спогодбено си направивме законски начин да им влезе во плата, а тоа беа негде околу 2-3 000 000 денара месечно, кои што претходно не се давале за кариера, ама следувале, и другите општини исто го имаа како пракса и како служба си го добија вработените. Од 2018 сега имаш 48% покачување на плата, на основна плата и во Општина Кавадарци, не е тајна дека сите вработени, со оглед на нивните работни и професионални задачи се унапредени, сега имаме стручни соодветни кадри на сите позиции, кои што треба да ги имаме, и на сектори, и на одделенија и на другите позиции, така да вработените мора да одат напред, со самото унапредување добиваат и повисока плата, чин, ама и повисоки обврски и тука тоа е жива материја што ќе движе и точно е, да, 8 вработени имаше во ТППЕ, сега се 28 по закон пожарникари кои што исто се под Општина Кавадарци, влезени како основач Општина Кавадарци на ТППЕ. И уште ова да потенцирам. На пожарникарите им беше платено 2018 19 000 денара основа, а сега основната плата на пожарникарите му е 35 000 денара и со тоа се гордеам и верувам дека и вие ќе го подржите исто, затоа што една таква професија или било која професија што е од ризични карактери, мислам дека треба да не штедиме, едноставно да инвестираме во кадри. И уште една работа. Основен буџет Општина Кавадарци имаше 3,2 000 000 евра 2018,а сега има над 9 000 000 евра. Значи основниот буџет ни е 3 пати зголемен, така да Општината од сите работи, и приходна страна и расходна страна се зголемени и обемот на работење е зголемен и затоа Кавадарци е град кој што се развива и град кој што до вчера ги вадев податоците само информативно 220 градежни дозволи има издадено за 23-та година и имаме донесено за 2 години повеќе од 10,12 урбанистички планови, меѓу кои и за прв пат се носат за села. Тоа е голем успех и нов

Генерален план да се донесе во 2020 и мислам дека тоа е правиот начин за да функционира една Општина. Штедиме таму каде што може да заштедиме, земете го расходната страна во делот на репрезентации, расходната страна во делот на нематеријални трошкови, расходна страна во делот на гориво и тие работи. Од 2018 нас ни се намалени два пати или три пати. Така да таму каде што можеме да штедиме и не е продуктивно штедиме, али каде што професионално мора да се даде ние не можеме да ги спречиме сите работења и сега ако земиме на крај со септемвриската плата плус ќе имаме 12 000 000 денара годишно во Општина Кавадарци поголема плата, само во Општина Кавадарци, значи со покачувањето од 10%, коешто од септември е донесено со закон. Тоа на годишно ниво е 12 000 000 денари, 3% во април усогласување, 3% во мај, значи ај уште 7 000 000 денара, ете ги 20,за 5 години ќе дојде на 100 000 000,значи буквално тука сме немоќни и не е тука суштинската повреда или проблематика. Дај боже сите да си ја завршуваат својата работа како што треба и да си оправдат платата во интерес на граѓаните, во интерес на компаниите, мислам дека економскиот развој е најбитен и дека во тој дел движиме во прав правец.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не ги носам податоците сега, меѓутоа 2017 година 1 ноември, изгледа сте заборавиле 2017 година е почеток на првот мандат, 2017 година ја завршувате со негде 33, 34, 35 000 000 денара, меѓутоа тоа на наредна седница, кога ќе го имаме кварталниот извештај ќе ги правиме тие споредби и анализи во однос на дел на нови вработувања и во однос на дел на начинот на кој што се трошат финасиските средства. Нема да должам многу, не сме ние против тоа луѓето во администрацијата да работат и си ја бркат работата и соодветно да напредуваат, мене ми беше поентата во делот на новите вработувања, кои што се прават во Општината и во делот на привремени вработувања каде што износот е драматично зголемен од 3 000 000 на 30 000 000 за само 4 години.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. 5 против. 1 воздржан.

16. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање . 14 за и 4 против, 1 воздржан.

17. Предлог-Одлука за техничка исправка за ГП 4.57 и ГП 4.57 за Урбанистички План за село Сопот, КО Сопот, Општина Кавадарци;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.39/2023, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

20. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.48/2023, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Едногласно.

21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет П1-17/23, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Едногласно.

22. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.8/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Едногласно.

23. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.25/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Едногласно.

24. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Диме Мукаетов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

1 воздржан, другите за. 17 за. 1 воздржан.

25. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Марјан Тодоров за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

17 за. 1 воздржан.

26. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Орданчо Јосифов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

17 за. 1 воздржан.

27. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Васил Панарин за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

17 за. 1 воздржан.

28. Предлог-Одлука за давање на донација – компјутер на Здружение планинарски спортски клуб "ОРЛЕ" Кавадарци;

Едногласно.

29. Предлог-Одлука за давање на движна ствар компјутер на трајно користење без надомест на ЈП за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци;

Едногласно.

30. Предлог-Одлука за давање на движни ствари - десктоп компјутери и лаптопови на трајно користење без надомест на ООУ,Страшо Пинцир,, Кавадарци;

Едногласно.

31. Предлог-Одлука за давање на движни ствари десктоп компјутери и лаптопови на трајно користење без надомест на ООУ,,Тошо Велков Пепето,, Кавадарци;

Едногласно.

32. Предлог-Одлука за давање на движни ствари десктоп компјутери и лаптопови на трајно користење без надомест на ООУ,,Димката А Габерот,, Кавадарци;

Едногласно.

33. Предлог-Одлука за примање донација – Електротехнички проект од Трговско друштво за трговија на големо и мало, инжинеринг, производство и услуги "БЛАКОМ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје;

17 за. 1 воздржан.

34. Предлог-Одлука за отстапување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, на управување и одржување на водоводна линија занаселено место Ресавски Залив;

Едногласно.

35. Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2023 година на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци;

17 за. 2 воздржани.

36. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци;

17 за. 2 воздржани.

37. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„ Димката А Габерот„ с.Ваташа;

Повели Пере.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател, колеги советници се предлага член на Управен Одбор на ООУ„ Димката А Габерот„ од с.Ваташа Јасминка Маркова Спирковска.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Кој е за. 17 за. Двајца воздржани.

38. Предлог-Одлука за основање на „Јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар ШЕПА„ Кавадарци;

Едногласно.

Едногласно.

40. Предлог-Одлука за донесување Урбанистички Проект со План за парцелација, за ГП.1.1, од Блок 1, од Урбанистички План за село Мрежичко, (Г2.9-Индустрија за пиво), КО Мрежичко, Општина Кавадарци ( одлука бр. 08-6481/33 од 15.11.2021), со намена Г2, на КП 1497-дел, КП 823/1-дел, КП 823/2, КП 822-дел, 821/2, КП 821/1-дел, КП 832-дел, КП 826, КП 827, КО Мрежичко, Општина Кавадарци;

13 за и 6 воздржани.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас се извинувам, пошто излегов малку, не ја пратев ситуацијата. Сакам само еден повик да направам према граѓаните во делот на точката која што ја изгласавте за примопредавање на линијата водоводна за Ресавски Залив. Тоа значи дека од утре можат сите заинтересирани граѓани кои што се наоѓаат накај Ресавски Залив да поднесуваат барања за приклучок во ЈП Комуналец за водоснабдување на нивните куќи, викендици или имот кој што го имаат. ЈП Комуналец е спремно да почне веднаш со инсталирање на приклучоците, со монтирањето на броила. И само да потенцирам дека претходниот проект кој што го имавме со ТАВ Програмата Брушани и Брушанско негде околу 300 приклучоци досега активни, кои редовно со вода се снабдуваат и тука

очекуваме од 100 до 120 нови приклучоци во Ресавски Залив, така да од утре натаки сите заинтересирани граѓани во ЈП Комуналец, заедно со потребната документација да си поднесат барање за приклучок на водоводната мрежа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Преминуваме кон наредната точка.

41. Предлог Одлука на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота бр.07-6062/10 од 27.12.2010 година со арх.бр.02-1641/9 од 25.09.2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

Повели Директоре. Само да ги прочитам сите.

42.Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште,с.Страгово, с.Мрежичко и м.в. Мушов гроб бр.08-5263/11 од 25.08.2022 година со арх.бр.02-1641/7 од 25.09.2023 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

42. Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дабниште, с.Горников и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово бр.08-1313/11 од 28.02.2023 година со арх.бр. 02-1641/6 од 25.09.2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

44. Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дабниште, с.Горников и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово бр.08-1313/11 од 28.02.2023 година со арх.бр. 02-1641/6 од 25.09.2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

45. Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот бр.08-5263/10 од 25.08.2022 година со арх.бр. 02-1641/8 од 25.09.2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

46. Предлог Одлука по Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на

комунален отпад бр.07-413/8 од 08.02.2010 година со арх.бр. 02-1641/10 од 25.09.2023 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

Точките ги споивме, само се гласат посебно.

Нека е честито мандатот и многу успех во работењето.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Благодарам. Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Советот, почитувани советници, почитувани граѓани по неколку месечни анализи на службите на ЈП Комуналец, а во консултација со останатите јавни претпријатија во Македонија, како и со членовите на Здружението на комунални претпријатија на Македонија АТХОМ бараме да се изврши усогласување на цените во делот на износ на смет и во делот на јавно прометни површини и зеленило. Кога велам усогласување на цените мора да потенцирам и што значи тоа усогласување на цените. Цените кои што ги имаме како ЈПсе дефинитивно најниски во Македонија, а така и со овие корекции кои што очекувам да ги донесе Советот повторно ќе бидеме со најевтини услуги бидејќи истите овие цени за јавна чистота и зеленило не се променети од 2010 година, додека за износ на смет од 2019 година. Знаеме дека цената на нафтата овој период беше 40 денари, денес е скоро 90, а останатите репроматеријали се за 300-400% покачени. Интензитетот на работа од 2009 до 2019, со денешниот интензитет и обем на работа, кој што го има Комуналец се неспоредливи. Ако до 2017 година сме имале 60 000м2 зелени површини, денес имаме над 130 000м2 зелени површини, имаме цветни површини од над 1000 м2, одржуваме патеки 15 000м2. Сите овие површини бараат и луѓе и механизација и со тоа се предизвикува и зголемени трошкови, кои што оваа и минативе години се двојно и тројно зголемени. Со отварањето на цвеќарата во Земјоделско Училишниот Центар, која што ќе ја раководи ЈП Комуналец овие површини и долгогодишни насади во следниот период ќе се дуплираат неколкукратно. Знаеме дека во минатото машинското метење на улиците речиси и да немаше, денеска се пометува со две големи

метларки, 4 мали. Исто така од пред неколку месеци имаме и две електрични метларки. Целта ни е во наредниот период што помалку да има рачно пометување, додека да се зголеми машинското со што ќе се движиме по европскиот тренд и да го зголемиме угледот кој што го имаме како најчист и најсреден град во Р. Македонија. Во делот на износ на смет, исто така сакам да потенцирам дека неспоредливи се бројките и количините на износ на смет од пред неколку години. Се сеќаваме во минатото колку и какви контејнери имавме низ градот. Денес имаме 500 контејнери од по 1м3 и околу 60 контејнери од 5м3 поставени на различни локации во градот. Овие денови се порачани нови 20 контејнери од 1 м3, кои што ќе ги поставиме на места и градски подрачја каде што досега имаше поставено 5м3 контејнери и по барање на граѓаните овие ќе бидат заменети и дислоцирани. Исто така донираме канта за секое семејство. И не само тоа. Поставивме контејнери и низ сите села и викенд населби одКонопиште, до Фариш, Раец, од Страгово до Брушани и Ресавски Залив каде што редовно се врши исфрлање на сметот. Редовно ја сервисираме депонијата со засипување на отпадот со земја. Знаеме дека сметот се исфрла и во центарот два пати на ден и по потреба интервентно, втора смена постојано има трактор за вонредни интервенции и сите овие работи допринесуваат да Кавадарци го има приматот на најеколошки град каде што гостите и туристите, кои што доаѓаат од страна остануваат воодушевени од изгледот на градоти да не должам многу, на крај сакам да ве замолам на овие усогласувања на цените да не се водите од дневнополитички интереси, да ги испочитувате препораките, кои што ги дадоа синдикатите во Македонија. Пред малку стигна писмо и од Претседателот на Регулаторна Комисија, г-динот Марко Бислимовски и со ладни глави да донесиме одлука за доброто на граѓаните на Кавадарци и за ЈП Комуналец.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани сограѓани, почитувани медиуми. Во врска со одлуката за зголемување на цените за јавна чистота,

ѓубрарина и износ на смет, како за физичките, така и за правните лица во Општина Кавадарци, само ќе искоментирам доста Градоначалниче. Оваа одлука е безобразна што ви паднала на памет да им покачуваме на граѓаните во Кавадарци јавни давачки за кои најповикани сте вие. Како почнавте со покачување на цената на водата, цена на градинки, данок на имот, највисоки цени за паркинг, највисоки цени на градски превоз, такси превоз итн., морам да истакнам дека сите овие давачки на граѓаните да им биде јасно дека се во надлежност на Градоначалникот и се давачки од кои се полни буџетот на Општината и јавните претпријатија, под раководство на Општината. Државата нема врска со ваквите покачувања. Доколку не се покриват некои обврски на Општината или јавните претпријатија со постојните цени, зошто не се сменат некои работи околу рационалното трошење на буџетите на овие субјекти, па Комуналец не е за жалење. Штом имаат пари да купуваат луксузни патнички автомобили или џипови, треба да си ги менаџираат и трошоците на вработените, за кои сите знаеме дека има голема превработеност, а дел од вработените што се заштитени како бели мечки ништо не работат. Ова е срамно и СДСМ е против било какво зголемување на јавните давачки за граѓаните. Ние сме горди како Кавадарчани на Комуналното претпријатие. Комуналец генерално работи добро. Треба да се покачат и платите на вработените, но покачувањето да биде на сметка на намалување на трошоците или пак зголемување на некои дополнителни услуги кон граѓаните со кои ќе им се овозможи подобро функционирање на граѓаните, дополнително плаќање на некои услуги што Комуналец би ги понудил на граѓаните. Додека државата зголемува плати на вработените во јавниот сектор, како за вработените во образование во висина од 15% и сл. а не ги покачува даноците, субвенцинора струја, замрзнува цени со цел да се помогне на граѓаните да ја надминат кризата, така и вие и ние треба да субвенционираме како Општина за да се

намалат цените на јавните услуги, во најмала мера да не се зголемуваат.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советничке на исцрпното рецитирање и добро, како партија нормално дека треба да имате став и текст и сите други работи. Прво и основно не е точно дека државата не ги зголемува давачките. Ќе почнам од крајот. Замрзнува цени. Кои цени ги замрзнува. На приватните производители. Нека ги замрзне цените на струјата за бизнис секторот, а не да ги замрзне цените на јајцата. Државата праве ли јајца. Не јаде јајца. И ги замрзнувате цените. Економијата ја донесивте во колапс. Комплетен. Затоа се и Стопанските комори, затоа се и сите комори тука и на крајот ретроактивно немајќи каде, немајќи што да правете, донесивте солидарен данок. Вие дојдовте до просјачки стап, да цимолите и да се крстите на солидарен данок. Знаеш што е солидарност. Солидарност е тежок збор. Подобро да речите молитвен данок да ни дадете, него солидарен. Затоа бизнис секторот ќе ви врате, да бидете сигурни како Влада дека нема да биде мирен и солидарен данок донесите ретроактивно назад од 2018 до 19-та, 20-та и 22-ра. Тоа не постое ни во најголемото комунистичко време. Верувам дека Уставен Суд ќе биде тука објективен и ќе го врате назад тоа, за да таа ваша солидарност, која што ја барате, да ја барате на друг начин. Во делот на, викате државата не ги покачува давачките. Секој втор ден мењате цена на гориво. 30% акциза. Намалите ја акцизата. Не мора да оде горивото до таа цена. Намалите ја цената на струјата. Ги оставивте компаните средни и високи компании на отворен пазар да се борат сами со себе, ланската година да платат струја и 500 евра mw/h и 120 денара гориво. Ниедна соседна држава не го направи тоа. Хрватска воведи данок на криза за енергетските компании, за фармацевската индустрија, за лотариите. Вие стигнавте на ниво, да отворите првите 100 компании во економскиот биланс на државата да бидат енергетски компании, фармацевти и лотарии, а притоа 70%

основач на лотариите е државата, крадејќи си го својот сопствен народ. Колку казина имате во Кавадарци, колку казина имате на ниво на држава немате ни контрола веќе во таа работа. Значи си го крадиме сопствениот народ со лотарии, со игри на штета. Секој може да отиде денеска,со неконтролирани пари да ги изгубе и после се зголемуваат семејно насилство, ни се зголемува депресија, ни се зголемуваат триста чуда на неосновани работи. Така да не е точно воопшто дека немате качено даноци. Вие го покачивте стандардот на животот и на живеење, да двајца луѓе зимаат нето просечна плата, на крајот од месецот да не знаат што да прават. Тоа е веќе колапс. Комплетен колапс. За економија можеме да збориме 3 дена. Во делот на повикувањето, еве јас ќе ја превземам цела вина лично на мене, ниту советничка група, ниту партија, ни СДСМ, ни ВМРО, никој. Еве Митко Јанчев нека биде крив за секое покачување. Таксито сум го покачил. Немам јас мое такси. Општината нема такси. Таксито е приватна компанија. Значи како можам јас да го покачам таксито. Абе носиме одлука, ние носиме одлука од-до. Второ водата сум ја покачил. Не ја покачив јас водата. Затоа и побарав да се пуште од Регулаторна Комисија допис и дописот ќе се пуште со денешна дата и само ќе ти цитирам еден извадок од Регулаторна Комисија. Вика вака: До АТКОМ Здружение на даватели на комунална услуга, на датум 26.09., денеска е пуштено. Евидентно е дека постапките за донесување крајни одлуки во рамките на управните одбори на давателите на водни услуги и во ниво на општините, совети, тоа сте вие, не се завршуваат навремено и со тоа се поставуваат погрешни основи и различни дневно политички теми и погрешно толкување на истите. Овие ситуации понатаму влијаат на годишните финансиски резултати на давателите на услуги, а како такви и ослабување на перформансите на истите. Тоа не го напишав јас. Ова е повик од Регулаторна, ќе го оставам, разгледате ги, не правете дневнополитички дози на дневнополитичка политика во делот на водата.

Догодина пак ќе имаме нов тарифник за вода и нема да го измислам јас. Новиот тарифник на вода ќе биде пак, кој што треба вие одговорно да го донесите јавно и транспарентно према граѓаните. Во делот на износ на комунален смет само би потенцирал 3 работи. Општина Кавадарци нема место каде што не го изнесува комуналниот отпад. Нема место. Не постое населено место. Не постое село. До пред 5 години не беше тоа случај ниту во с.Сопот. Во с. Сопот не се фрлаше комуналниот отпад. Се фрлаше комуналниот отпад до пред 5 години само таму каде што има ќар ЈП, буквално така можам да го потенцирам. Сега во с.Сопот се фрла и с. Дреново и во Раец и во Бохула и во Мрежичко и во Конопиште и во Брушани и во секое населено место во Општина Кавадарци. Знаете колку е трошокот, еден круг на еден камион да го направи во Поткожувјето е повеќе од 150 км. Втора територија по големина сме во државата како Општина. Тоа е голем трошок. Ние може да ги намалиме трошковите, немаме проблем. Ќе се повлечиме од Сопот, ќе се повлечиме од Дреново како порано, ќе се повлечиме од Бохула. Супер. Ќе се сконцентрираме на градското подрачје, нема трошкови, ќе ни падне и цената на износот , но пак ќе правиме диви депонии или ќе се бориме да успееме во делот на екологијата и животната средина да го снабдиме секоједен граѓанин и корисник, а притоа штитејќи ги руралните средини да ги развиеме.Целта мислам дека ни е второто да секоједен го развиеме и стигниме до она што значи поставување на ред и поредок, да не ги лажиме луѓето, да не се замајуваат со работи дека ние ќе ги намалиме цените или нема да плаќаат или дека ќе биде ниско. Комуналниот отпад допрва ќе расте цената, не заради моја желба, тоа е од јавен карактер. Цената на водите и водоснабдувањето допрва ќе расте и пак ќе ви кажам Општина Кавадарци и со предлогот што го има сега Комуналец на Управен Одбор, јас не го направив тој предлог, го праве предлогот врз основа на сегашните

трошкови. 10% септемвриска плата мора да му покачиш на секој вработен и во администрација и во ЈП, работел, неработел, рековте некои се заштитени како бели мечки. Јас советничке стварно тука би реагирал и би кажал дека лично од мене, па не верувам дека во менаџмент е некој заштитен како бела мечка, да, може во некое друго време бил заштитен. Не постое таков човек. Еве вашата советничка е до вас, работе во Комуналец. Ако имате такви информации дека некој е како бела мечка заштитен, не мора јавно, еден список дајте ми го лично или пратете ми го анонимно, јас ќе си ги средам тие таквите. Нема да дозволиме како Град Скопје да дојдиме да не го исфрлиме ѓубрето или да го оставиме, па после да се политички напукуваме или кажуваме кој, како е. Транспарентно е, очетно е и мислам дека Комуналец си ја врши својата работа. За 3 дена 500 м3, после Тиквешкиот Гроздобер, за неколку саати го средија градот. Тоа е за почит. Немаме ние ѓубре во градот и не дај боже да се вратиме да имаме ѓубре во градот. Хигиената во градот и услугите се на многу високо ниво. И второ градската депонија, која што до пред 6 години, сигурно се сеќавате, беше цело време во некаков пожар, во некаков дим, во некаква предзапаленост на запалена состојба. Ланската година и пред ланската година е комплетно преработена по некакви елаборати, критериуми, заедно со земја и со сите работи и сега во моментот 1:3 се фрла комунален отпад и земја за да не дојде до палење и да не дојде до несакани последици. Гледаме на вести, слушаме каква е депонијата во Скопје, каква е депонијата во Букoво, каква е депонијата на други места, кај што му чуре и запалена со месеци, па никој не реагира. Кај нас не е таква праксата и практиката и јас ќе застанам на страната на ЈП Комуналец, притоа земи си ја цела одговорност и за работењето и за се. Џипови нема. Тоа се товарни возила повеќенаменски, кои што функционираат во делот на водовод, во делот на хигиена, во делот на потребите на Комуналец. Има еден џип, што

сте го виделе, тој не е купен за пари. Благодарение на Основниот Суд Кавадарци и Агенцијата за одземен имот, ни го дади донација на ЈП Комуналец и го примивме како донација од Агенција за одземен имот и тој го користиме за потреби на ЈП Комуналец. Менаџментот во ЈП Комуналец е тежок за функционирање. Верувајте дека на дневна основа, повеќе од 10 вработени напуштаат, а тешко наоѓаме нови и ние воведовме бенифициран стаж за сите изложени на ризик, редовно вакцинирање на изложените на ризик, HTZ опрема редовна, редовна плата, редовно примање на сите регреси и работи, кои што треба еден општ работник да ги има. Ако мислите дека има превработеност во администрација, јас мислам дека нема. А ако мислите дека има превработеност во делот на општа работна сила, кажете каде ја имаме таа и ќе ги видиме сите работи ќе ги согледаме . И само уште од Судкос, каде што децидно му е кажано на ЈП. Вика: Бараме од вас, значи воа е до мене како Градоначалник, Претседатели на Совет на општини и на Град Скопје како советници да не се водат политички игри и надмудрувања, туку да им се помогне на јавните претпријатија и вработени и непречено да ги остварат своите права и обврски во однос на покачувањето на платите и во однос на тоа што е донесено. Значи недај боже да се судриме со јавните претпријатија во делот на некакви протести, штрајкови и други работи, тогаш ќе бидиме сите загрозени. Таксито не го регулирам јас, јавниот превоз го регулираме заеднички и знаеме до која цена стигнавме, 45 денара билет од цела територија на Општина Кавадарци . Намалите ја акцизата. Намалете ги другите работи. Да не ни биде горивото 90. Ние кога почнавме 2017, 18-та горивото беше 45 денари, сега е 90 денари. Комуналец на дневна основа трошe од 2-2500 литра нафта, само евро дизел трошe од 2-2500 литра. Јас тоа не можам да го намалам, по штета на граѓаните да хигиената ја запоставиме или по штета на граѓаните да пометувањето или зелените површини ги

намалиме. Се бориме цело време за зелени површини, се бориме цело време за подобра екологија и тука нема компромис. Ова е за поздравување што го кажа и директорот во делот на Шумарското, која што како заедничка инцијатива ја прифатија, да си произведуваме садници, да си произведуваме цветен материјал, цеќиња, расад и сите работи, со тоа што ќе ги намалиме трошковите да тоа го тендерираме или купуваменего ќе имаме наш производ. Кога имаме наш производ многу полесно ќе ни биде. ЈП Комуналец во ниту еден момент, се што може да заврше само и да реконструира, а ги знаете точно податоците, не го дават тоа на тендер, само функционира и само врше реконструкции како никогаш досега. Мислите дека многу му е желба да вршат реконструкции. Најсреќни ќе бидат ако му речишнема реконструкции, дајте се на тендер, ќе одржуваме само дефекти, меѓутоа имаме со километри, километри водоводна, канализациона и фекална канализација, која што ЈП Комуналец ја врши со сопствени ресурси. Тоа се луѓето вработени, механизацијата која што ја имаат и сега треба да стигне нова механизација и уште еден скип, мини багер и мулчер за мулчење на травата, што го спомнав и претходниот Совет. Таа механизација која што стига и тие елементи кои што треба да се стават во работа бараат ресурси, барат луѓе, барат одржување, има амортизација, а барат и гориво. Знаете порано луѓето немале механизација, па имале жива стока штоработеле со нив, ама и таа бара храна. Сега ние сме во делот на механизацијата меѓу најдобрите претпријатија во Македонија, може и подобро од некоја приватна компанија, може и на повисоко ниво кое што стое и тоа нема да го занемариме. Самоќе му даваме повеќе обврски за продуктивноста верувам дека може и затоа има човек, кој што треба да ја дигне 20,30% може да ја дигне, не викам дека е идеално и дека таму 100% сите дават се од себе, да се работе и да се праве план на подигање на продуктивноста. Трошковите не можеме да ги намалиме по

штета на граѓаните. Верувам дека анализата која што ја правела ЈП Комуналец, само уште тоа не го спомнав, дека на ниво на држава сме сеуште најниски, најниски и по вода и по јавна хигиена и по износ на комунален смет. Тоа е проверлива работа и само тука ќе ве замолам да бидете објективни, да ги проверите и другите градови, како Струмица, Штип, Велес, Неготино. Еве најблиску ни е Неготино. Проверете да видете дали ние сме грешно или е реално тоа што правиме. Неблагодарна работа е да покаче некој нешто, знам и од приватен сектори од јавен сектор и некој кога сака да продаде производ приватен и треба да го покаче со 5% или 10, самиот себе се препотува 100 пати дали да ја каче цената, а гледа дека мора да ја каче цената.Така да ние можеме сите маркети да ги затвориме во Македонија за замрзната цена, али треба и да му помогниме на тие маркети. Значи тоа ми беше суштината, државата треба да ни биде партнер и во приватниот сектор и во општината. И ете го добивте материјалот од Регулаторна, насоките се тија. Значи ова не е измислена работа или порачка за мене, порачка и барање е на АТКОМ. АТКОМ е здружението на сите јавни претпријатија на даватели на услуги.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика, па Маневски.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Во врска со излагањето на Градоначалникот не спомнавте точно кои даноци државата ги покачила. Го спомнавте Законот за солидарниот данок, што сега е донесен, тој солидарен данок е воведен и тој ќе си се спроведува, кога и Врховен Суд ќе даде свое мислење, сега парите собрани на работодавачите кои што оствариле некојси профити во годините наведени во законот ќе бидат употребени за најзагрозените граѓани. Со ова сепак државата покажува и докажува дека се грижи за граѓаните, точно соработува со сите работодавачи, ги помагаме со најразлични мерки, поволности, субвенции и се се прави во интерес на

општините, се помага со изградба на локални патишта, се помага значи во изградба на спортски сали, во секој сегмент, во функционирањето и подобрување на услугите на граѓаните во општините. Значи јас не можам да кажам дека државниот буџет расипнички се троше и не можам да се согласам со покачувањето на јавните давачки во едно време кога треба значи на граѓаните само да им олесниме, како и со овие примања да се преживее ден за ден и да се подобрат условите за живот. Јас ќе бидам кратка. Ова што го добивме значи од Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги Градоначалниче јасно ви е и знаете како се формират овие цени. Значи Регулаторна сепак добива од Комуналец, од претпријатието кои им се трошоците, какви им се трошоците, па да се доведе до една цена, која што Комисијата ја дава како рамка на јавните претпријатија и ги известува и општините и така во рамките на таа цена, од и до, ставаме ние цена и точно во Кавадарци минатата година покачивме. Можеби е мал процентот, ама јас сепак ќе кажам и ова мало покачување и сега што го правиме, значи со овие одлуки што ќе ги донесиме се засега во секојдневното живеење на граѓаните. Јас пак ќе повторам. Ние не сме за било какво покачување. Сметам дека Комуналец е и стручно спремно претпријатие и може овие средства што недостигаат, доколку им недостигаат, да се обезбедат на друг начин. Толку имам да кажам. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Како што вие викате буџетот Владата нерасипнички го троши, јас ја застапувам страната на Општина Кавадарци и на ЈП Комуналец и пак викам ќе ја земам одговорноста дека нерасипнички го троше буџетот. Само последното покачување по однос на 10-те % се 2 000 000 денара на месечно ниво на ЈП Комуналец или 24 000 000 денара на годишно ниво. Не постое начин како да ги обезбедиш тие средства, затоа што тоа не е профитабилна организација, ниту пак имат производ кој го продаваат со маржа, него буквално ние сме даватели на

услуга. Самиот збор даватели на услуга, за мене подразбира дека треба да бидеме непрофитабилна организација. Непрофитабилна организација подразбира за мене дека треба да си ги предвидиш сите трошкови и расходи, врз основа на приходите. Ние ако знаевме дека ќе имавме во септември 10% шаблонско покачување на сите плати во септември, можеби во февруари месец ќе се преструктуиравме на друг начин. Не ставате пред свршен чин. И јас пак ќе кажам. Супер е тоа за вработените. Супер е. Викате сите пари кои што ќе ги земе државата од солидарниот данок ќе ги даде на загрозените категории. Не треба да имаме загрозени категории на 1,5 000 000 народ. Зошто ги доведовме за во загрозена ситуација да бидат. Значи сега пак се враќаме на наа мојата изрека:И тија што има, да нема и тија што нема , пак ќе нема. Значи дај да размислуваме да и тие загрозени што ги викаме, условно кажано, не знам како ќе ги делат тие средства на загрозени, да се ставиме во ситуација, мене ми е јасно дека пост короната и пост енергетската криза дека нема популарност и не можиш да браниш нешто што не се бране. Тоа ми е јасно. Сега премиер да ставиш и компјутер најголем со најголем софтвер нема шанси да одбране ситуација кај што веќе 1 200 000 000 го отеравме буџетот. Колку го направивме на државата. 5 000 000 000 виртуела. Виртуела буквално. Така да мора да претураме од шупливо во празно. Тоа е реалноста. Во делот на она Владата што помага, сали, патишта, еве сега ќе имаме нови средства 1 050 000 евра за водовод и канализации и сите работи. Тука ние не викаме дека тоа не е пожелно и дека не е добро, е добро, меѓутоа да знаете дека тие пари се дел од кредит од Светска Банка, кои што Владата собрала храброст да ги земе како кредит и да ги поделе на општините по некоја систематска ситуација, врз основа на број на жители, врз основа на територија и сите работи, кои што ќе бидат пак благодет на граѓаните. Јас верувам дека е благодет сега во Брушани

ќе имаат вода. Е сега вика: Треба сметката да ја платиме. Па ќе ја платиме сметката. Значи нема ништо бесплатно. И да не ги замајуваме луѓето дека ќе намалиме нешто, или ќе намалиме било како. Како што кажавте, да незначително е процентот на покачување и претходната и ова и догодина, а сите материјали кои што ги даваме на Регулаторна Комисија за да ја одреде цената на водата, точно е дека произлегуваат од трошковите и приходите на претпријатието, меѓутоа јас пак ќе ве замолам лично. Дај видете кај се наоѓаме во државата. Најевтини. Значи најубави, најумни, најевтини, си ја бркат комуналци работата, ден не промашиле, празник не промашиле, најевтини услуги имаме према граѓаните. Исти услуги кои што денеска ќе искомуницирате за покриен простор, кои што се по ново кај нас по ново 2,5 денара по квадрат покриен простор, во Општина Неготино се 5 денара. 5 денари. Е што е разликата сега. Неготино поубави ли услуги дава, е не дава советничке. Не дава поубави услуги и упола сме поевтини од Неготино. Не зборувам за друг. Така да мислам дека уште сме далеку од скапи. Ние сме загарантирани со цена.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Најпрво сакам да изразам револт, а со тоа и апел до администрацијата на Општина Кавадарци. Во идниот период при спремање на материјалите за седница, да не бидат доставувани материјалите на рок пократок од 24 часа пред одржување на седницата, затоа што сите одлуки што се носат тука, се во интерес на граѓаните и мора да имаме време како советници да ги разгледаме, да отвориме дискусии и да донесиме најдобра одлука во интерес на граѓаните. Целата оваа постапка за мене претставува едно дежаву, кое што го гледаме веќе неколку пати. На отприлика 2,5 недели од завршување на Гроздоберот и посетата на Претседателот на ВМРО, повторно

граѓаните на Општина Кавадарци се изложени на нови покачувања на комуналните давачки. Се надевам дека неславниот почеток на новиот директор, нема да одбележи така кај неговото понатамошно мандатирање и му посакувам успех и честитка. Сепак сметам дека вакви одлуки, пред да се донесат треба многу поопсежни анализи покачувањето неколкукратно на надоместокот за одржување на јавна чистота и на надоместокот за одведување, односно транспортирање на комуналниот отпад не е решение за да се подобри економската состојба на ЈП. Сметам дека има други решенија, кои што не треба да ги понесат граѓаните на сопствен терет.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници и останати присутни. Прво сакам да му честитам мандат на директорот на Комуналец. Комуналец секогаш имал успешни директори, одлични. Се надевам дека и тој барем колку нив или малку повеќе ќе направи за градот. Суштината денеска што сакам да ја кажам, прво ќе упатам апел негативен према Претседател на Советот, Комуналец го сервира материјалот, Претседателот на Совет нас како советници ни го дава, апсолутистички и како диктатура е да му дадеш на советник материјал пред сама седница. Значи можам да го сфатам Претседателот на неговата советничка група, пошто таму е апсолутизам, првиот што кажува, кај се дави, другите по него и немат право на збор, ниту на мислење. Друго е работата. Тука имаме советничка група СДСМ, имаме Левица имаме независни советници и тие инаку размислуваат. Колега Претседател не е убаво вака. Ова е осетлива работа за Комуналец. Ние сакаме да дискутираме како советници со граѓаните, да одам во Комуналец кај почитуваниот колега Горан и тој ако му побарам материјали да ме убеди дека е така, да ги исцрпиме сите начини на наоѓање на решение и последното решение да биде она покачување на цена. Неблагодарна работа е сега било што да расправаме на ова седница, кога ние ништо

немаме на хартија, само имаме покачување, Градоначаникот ќе земе некое ливче, ќе ни чита и ние треба само да дигаме рака. Градоначалник вие се сеќате дека пред 3,4 месеци рековме, јас барав од вас да ставиме вода на топовите, ти ми рече за еден месец е готово. Почитуван ланска година кога барав пат за Радња рековте 15 дена завршивте. Тоа е за пофалба. Е таков се почитува, а не оваков. Ќе туриме вода, па после 4 месеци нема вода и во селата кога зборевме дека луѓето плаќаат износ на смет, еве лично за мојот рибник, површини, немаме вода од Лукар, идат фактури плаќаме, донесовме одлука да не плаќаме и сега и даље ни идат истите фактури, сакаме, нејќиме мораме да ги платиме, ако не треба да не тужат. Не се ослободени, доаѓаат физички лица и рековме и овие фирми што произведуваат храна, стока, таква работа. Оваа точка не ни сакав сега да биде, го ставаме во подредена улога и директорот и ние како советници сме понижени. Што е толку хитно што баш денес мора да покачиме. Зошто да покачиме. Правам анализа Претседателе друга. Граѓаните беа погодени од земјоделие. Тоа е божја работа, немаат ништо. Избегаа малите фирми, ги уништивме, ради тоа што во градот се води политика последните години и големите фирми ги изедоа малите, мала фирма не постои. Значи администрацијата ја зголемивме и луѓето немаат излез, освен да одат Германија, Хрватска да бараат леб и сега тој кога работи во Хрватска и Германија ти го плескаш во давачки на вода, без да седи дома. Викаме нема луѓе, се зголемува работата на Комуналец, а нема луѓе, луѓето избегаа. Не е проблем да ние некогаш донесиме одлука и да накачиме некоја цена, некоја давачка, ако исцрпиме се и граѓаните викат: Нема излез, ние сакаме подобри услови, ќе си доплатиме уште малку, да ги убедиме граѓаните прво да го прифатат. Градоначалник лидерот носи одлука како вас, ако убеди 20 % од луѓето, сега немаме ниеден и после тие другите 70 % и 30% се надоврзуваат на тие 20%. Тоа е добра одлука, ама не е на

0 верба, носиме одлука и велиме добро е. Да се преиспитаме да видиме дали е тоа добро. Ај да не правиме фама меѓу граѓаните. Ова сега да не го правиме, да го правиме после некое време, ако ги исцрпиме сите давачки. Ако на топовите треба или Ресавски Залив треба да врзиш уште 100, 200 броила што ги обеќаш и ако влезат пари и ако работата што ја кажа директорот, прави расадник на дрва, нема да купува цвеќе и дрва и тоа значи намалување на давачките , а не заголемување на давачките, па ние мора да зголемиме цена, тоа е намалување, треба да ги намалиме давачките, не да ги зголемиме. Да ги преработиме работите. Иде Нова Година, да не носиме одлука сега во најлошото време, во најтешкото време кога ова е земјоделски град, утепан од лозарството, од земјоделието и ние да ги дотепаме. На таа тема сакам да разговараме заеднички сите и да речиме оваа работа не ни е добра, да не ја носиме сега, да ја носиме во друго време или да убедиме дел од граѓаните дека треба да биде така. Колеги толку од мене. Ако некој сум го повредил нека извини, али овоа е гласот на народот, не е лично до мене, ако е лично до мене јас прифаќам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, почитувани граѓани. Точно дека сме тука да разговараме за една неблагодарна работа. Тоа е покачување, односно израмнување на цените на износот на смет согласно законските регулативи кои се доставени од Регулаторна Комисија. Јас би сакал тука да напоменам дека Општина Кавадарци е општина која е втора по територија на ниво на Р. Македонија. Значи Комуналното претпријатие на Кавадарци опслужува најголем дел од територијата која што треба да биде изнесен овој смет . Значи втора територија по Општина Центар, ама во Општина Центар е многу лесно, застани на едно место, товари еден контејнер, 30 стана, 30 семејства се веќе опслужени. Тука станува збор за изнесување на смет низ села коишто се одалечени по

40-тина и 50 км. од Општината и редовно се сервисираат овие села и редовно се изнесува од кај нив сметот. Урамнотежувањето на овие цени, израмнувањето на овие цени значи не е повеќекратно како што сакат да кажат советниците од СДСМ, него станува збор за минимално покачување, односно порамнување на цената, која што незначително ќе биде покачувањето на сметките. Друго што би сакал да напоменам ова т.н. порамнување или покачување на цената на изнесување на смет, значи најодговорно тврдам, сметам дека директно поврзано со раководењето на централната власт во Македонија. Го зборам ова затоа што економската ситуација во Р.Македонија е на дно. Ова претпријатие работи врз основа на давање на услуги и купување на материјали кои што се директно врзани со раководењето на централната власт. Ајде ако сакате да им помогниме на сите комунални претпријатија, значи не само на Комуналното претпријатие на Општина Кавадарци. Нека донесе централната власт субвенции за нафта за собирање на смет. Знаеме точно секое претпријатие колку троше нафта месечно, нека им субвенционира по толку пари, нека им ја намалат нафтата, нека биде 50 денари за нив. Тогаш нема да имаме никакви проблеми и нема да разговараме за вакво нешто. Не можеме да збориме за намалување на трошоци, а цело време им даваме скапи репроматеријали и скапи горива за работа. Немојте да дојдиме во ситуација да остане претпријатието да не може да си го изнесува сметот и како што беше случај во некои општини да почнат да ни шетат стаорци по спалните. Сметам дека треба со ладни глави да размислиме уште еднаш и да донесиме позитивна одлука. Се извинувам, имав и кратка анализа. Значи цената во другите општини изнесува 4,5 денари во Куманово, 3,5 ден. во Струмица, 3,4 во Охрид, 3 ден. во Велес, а ние со новото порамнување ќе бидеме повторно најефтини, односно 2,5 ден. по покриен простор.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници,

граѓани, медиуми. Значи за почеток прво да му честитам на прва јавна седница на новиот директор и како исто човек внатре значи му честитам и за некои работи што имаше доблест, значи се откажува од некои привилегии што ги имале претходните директори, каде што учествуваа во добивката, а тој истиот значи се откажа од привилегиите што претходно неколку директори ги уживале и се надевам со такво скромно работење и скромност би значело успешно работење. Јас сакам само да кажам неколку кратки работи што се изоставија. Значи мора да знаеме дека ЈП Комуналец некои работи ги праве за добробит на граѓаните, значи и тие добробити што ги правиме кон граѓаните значи се потикнати и од Советот и од самото ЈП Комуналец. Ние знаеме дека социјалните случаеви од Општина Кавадарци, по поднесено барање, сите се ослободени, односно субвенционирани од Општина Кавадарци и тие до одредена сума, значи не плаќаат сметки за комунални услуги. Знаеме дека граѓаните од Поткожувјето, односно од Бошавијата сите тие села ги субвенционира Општина Кавадарци, односно истите за износ на смет не плаќаат услуги, односно Општина Кавадарци ги покрива тија сметки. Знаеме дека секој граѓанин кој има каблест отпад, кој има отпад заостанат во своите дворишта или од зеленило или каблест отпад од куќите и становите, по јавување во ЈП Комуналец за бесплатна услуга со наши трактори, вработени и ставање 5 м3 контејнери, значи ЈП бесплатно ја врши таа услуга со цел зачувување на ж. средина. Исто така значи сакам да кажам по донесената препорака од Синдикатот, значи ЈП Комуналец значи моментално ќе изврши усогласување 10% на платите на сите вработени. Таму се засегнати некаде над 300 лица. Тоа по едно четиричлено семејство се околу 1200 граѓани од Кавадарци. Значи тие ќе добијат одреден надоместок, каде што ќе се почувствуват со поголем приход, каде што дел од тој приход ќе му помогне во овие знаеме зголемени цени, кои ги имаме секојдневно, во секојдневниот живот,

затоа и ЈП Комуналец значи овие минимални отстапки што ги прави за усогласување се со цел да се задржи одреденото ниво и како што сме исто најуспешна општина во Р.Македонија исто и ЈП Комуналец да биде претпријатие, кое што цел приход собран од граѓаните и од правните лица ќе биде за граѓаните, односно без никаква добивка, значи сето би се вратило кон нив и се разбира за одреден надоместок и како плати на вработените што ги вршат услугите, што никој друг не би сакал да ги врши, односно услугите кои што во одреден дел се од најниските класи.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги денеска ставате точка на дневен ред за зголемување на одредени цени за комунални услуги и тоа со акцент на цената на износ на смет, која што во суштина е една од најголемите ставки на цената на сумата за комунални услуги, односно на фактурите за Комуналец. И јас имам една анализа во однос на висината на цените и ако направите компарација помеѓу сметки од пред 5 години и ги видите цените и износот на сметките кои што сме ги имале пред 5 години коишто ги плаќале граѓаните на Општина Кавадарци пред 5 години и она што го имаме денеска е веќе, не 2,5 веќе 3 пати, за 3 пати им ги зголемуваме и цените и износот на сметките на граѓаните. На пример за вода сме имале 2017 година 14,8 денара, сега имаме скоро 22 денара цена на вода, која што е на горна граница да не ги манипулираме и лажеме граѓаните Регулаторна Комисија ни дава одредена граница врз основа на која што Советот донесува одлука која ќе биде висината на цената на водата. Минатата година Тешка е состојбата, претпријатието е во тешка финансиска состојба и донесивте одлука каде што ја ставивте цената на водата на највисоко ниво. Што правевте после тоа. Даваме 13-та плата за вработените. Велиме Браво.Претпријатието успешно работе. Во многу добра финансиска кондиција е, а пред 5 месеци сте зборувале нешто друго. Купувате службени возила во износ од 100 000 евра и велите

минатата седница го разговаравме тоа. Минатата седница разговаравме дека дека тоа е непродуктивното трошење на финансиските средства. Купуваме возило од 100 000 евра, на наредната седница им ја зголемуваме ѓубрарнината, зеленилото, јавна чистота, им зголемуваме неколку ставки од износ од она што претставува сметка на Комуналец. Ѓубрарнина. Во 2017 година била 1,1 денар, 2019 или 2020 година донесовте одлука, ја зголемивте на 2 денари, односно за двојно, сега оваа година 2,5 денари и да не ги читам сите таксативно за јавна чистота, од 10 сега ја зголемуваме на 50, зеленило исто така е зголемено за двојно, во само неколку години. Е сега најлесно е да кажете друг дека ни е крив. Па кога сте превземале одговорност и кога сте оделе на избори, јас синоќа баш барав во кој дел од вашата програма сте ветувале дека е го правите ова, дека ќе ги зголемувате цените. И не успеав да најдам. Кога сте земале одговорност да ги водите и да ги раководите Општината и јавните претпријатија под Општината најлесно е да речите, види друг ни е нас крив. Не е точно. Проблемот е како ги менаџирате и како функционира ЈП. Како се трошат финансиските средства. Зошто купивме возило во вредност од 100 000 евра. За колку е зголемен бројот на вработените во последните 5 години во ЈП Комуналец. Вчера разговаравме. За повеќе од 100 така. И сега се соочуваме со проблем и треба сето овоа да падне на терет на граѓаните. Испаднете малце помеѓу граѓаните и поразговарајте со нив. Ќе ви кажат во однос на оваа работа. Па ние ќе дојдеме во ситуација да во Општина Кавадарци плаќаме повисоки сметки за Комуналец отколку сметките за струја. Најевтини сме. Најевтини сме, а највисоки сметки плаќаме. Испаднете помеѓу граѓаните, тоа ќе ви го кажат .И најлесно е да кажеме централната власт не чине, ни наметна аква давачка, ни наметна незнам каква давачка. Најлесно е тоа да го кажете колеги. Вие сте превземале одговорност да ги водите јавните институции. Спомна Градоначалникот не биле помагани

претпријатијата. Како не се помагани Градоначалник претпријатијата. Како не се помагаат. Имаше субвенција за струја. За малите претпријатија имаше субвенција за струја. И голем дел користеа таква мерка. Овоа што го споменавте за солидарниот данок, ај да видеме да се изјасне Врховен Суд, ама јас се согласувам со тоа да оние компании кои што остваруваат поголеми приходи,тоа е во суштина солидарноста, да земете од оние кои што се побогати, да дадете на оние кои се посиромашни. Така функционира солидарноста. Не знам како поинаку би функционирала, кога Македонија е земја која што има најниски даноци. Проверете ги западните земји колкави даночни стапки имат. Зборуваме за директните даноци. Колкав е процентот на директните даноци кои што ги плаќаат тие граѓани. И така може вие да правите вие солидарно општество, од директните даноци. Кај индиректните даноци една даночна стапка ,за сите иста и таму нема начин да го вметнувате моментот на солидарност. Мислам дека веќе ја претеруваме работата и не може да кажеме дека ЈП работи добро, а постојано ги зголемуваме цените. Јас пред некоја седница на Советот кажав дека ако ЈП, тоа го зборував изминатата една година дека ако ЈП нема финансиски средства, лесно е, вие ќе ставите одлука на Совет ќе си ја изгласате и ќе ги зголемите цените и ќе имате финасиски средства. И тоа го правите. Тоа го правите. 5 години уназад го правите. Тоа го правите овие 2 години додека ние сме мандат овде во Совет. Погледнете ги износите на сметки кои што ги има 2017-та година, споредете ги со сега, симнете се меѓу граѓаните и прашајте ги дали се согласуваат со овие износи кои што ги плаќаат за Комуналец. За 2,5, за 3 пати им ги зголемуваме сметките само последните 4 години и викате дека тоа било добро и во ред е тој начин на функционирање ба ЈП-ја. Воопшто не се согласувам со тоа и ние како советничка група нема да ја подржиме оваа одлука да се зголемуваат цени на ѓубрарнина, на зеленило и на јавна чистота, која што би имало соодветна финасиска

импликација кон семејните буџети на граѓаните, бидејќи сметам дека како Општина и тоа го зборувам неколку пати, во услови на светски економски кризи наместо ние да им помогниме, да им дадеме одредена помош на граѓаните, да ја покажеме таа солидарност према граѓаните, ние им ги зголемивме најголем дел од давачките, кои што ги плаќаат во Општина Кавадарции за Комуналец и во однос на другите услови кои што ги дава Општината.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас последна реплика ќе направам и после кој и да ме повика и како да ме повика нема да зборувам пошто мислам дека се вртиме еве во круг . Прво како одговорен човек и фамилијарен и од реалниот сектор и човек кој што влегол во јавниот сектор и политика и Општина. Не би си дозволил да разговараме на пониско ниво од тоа што треба да разговараме и дискусиите се ок како дискусии.Кога водиме политичка кампања ко што викавте, ние не водиме политичка кампања врз основа на ЈП-ја, врз основа на вработување, врз основа на унапредување и тие работи, водиме политичка кампања со политичка програма и кажуваме што наредните 4 години ќе му го подобриме животот на луѓето, инфраструктурата, капацитетите и како град да можеме да дадеме поголем бенефит на сите граѓани и граѓаните не ги делиме ниту по еден основ и така и ќе продолжиме. Второ од една страна колку се анализирате вие сами и се фалите дека платата пред 7 години била 8 000 денара, сега е 20 000 минималната, со тоа се гордеете. Е нема советниче и јаре и паре. Оти не кажиме колку сега е кг. кашкавал, кг. сирење, кг. месо . Тоа сето е х3, х4 качено. Сите основни артикли се качени, да. И ќе ги замрзниме на тоа ниво. Веќе и со замрзнувањето се веќе качени по 3, 4 пати. Јас не верувам дека фармерот има толкав голем остаток, колку што е зголемена цената на сирењето . парите одат во ветер, тука е проблемот. Кога викам одат во ветер, одат во репроматеријали нереални, одат во енергенси нереални, одат во житарица, одат во сите работи кои што треба да ги прехране еден фармер неговото сточно семејство да го прехране и да стигне до производ. Тоа е реалноста. Не е тоа во Македонија проблем, тоа е секаде проблем. Ние да му дадеме и 700 евра сега плата во Комуналец и 1000,

значи вредноста на парата и инфлацијата постое. Значи таа инфлација не може никој да ја порече. Најтранспарентна е Германија тука, другите калкулираме, толку е волку е. Нема да дозволиме ЈП Комуналец, ниту едно ЈП да биде на штета на граѓаните, а најмалку на самото ЈП, како на пр. еве ќе ти спомнам 3 претпријатија кои што ги водите. Едно ЈП е Водоснабдување. Во Кавадарци го имате Тиквеш. 3 месеци немат земено плата. Дали е тоа нормално за луѓето што работат таму. Ама сега гледај советничке, викаш од претходно е тоа така. Од кога пред тоа. Еми оти не го исправите. Е сега од пред тоа. 7 години сте на власт. Исправете го, дајте му плата на луѓето. Греота е без плата да работат. Општите болници, регионалните болници. Со блокирани сметки, бе луѓе. Дај да си ја кажеме реалноста. Со блокирани сметки болници. Да не може телефон да си платат, да не може комбе да регистрира. Која услуга ќе му ја, а ветувавтеукинување на партиципација во здравството. Вие ветувавте таква работа, јас не ветувам тоа во кампања. Верувам во ЈП, верувам во финасиските анализи на ЈП и тоа го прават со минијатурни промени. Ако треба 3 пати по малку, ама нема да покачиме енормно нешто за да ние профитираме или направиме нешто . Значи ЈП Комуналец има многу трошкови кои што, да, може да ги намале, еве сега ќе донесиме одлука, имав таков еден предлог јас пред 3 години, наместо 3 пати улицата да ја периме еднаш, наместо да метиме 4 пати, еднаш, наместо ѓубрето да го исфрламе на 2 дена, на 4 дена. Ќе се намалат трошковите, ама квалитетот. Па тогаш ќе ме плукате за квалитет така. Во загрозена ситуација или во вонредна ќе го направиме и тоа. Не сме за така. Покачувањето, порамнувањето, како сакаш кажи го. Вие не плукавте. Имав ситуации само да ситуацијата да ви ја кажам. Не гледај нормална работа е. Јас го сваќам како нормално, само еднаш да се најдете на оваа страна, јас верувам дека истото ќе го браниш и ти, како што сега браниш некои работи кои што мора да ги одбраниш. Само дај подобро да му ја кажеме реалноста на луѓето, не сакам да ги лажам . Викате Симнете се меѓу луѓето. Значи ниту сум каќен горе, ни доле, таму сум, со луѓето сум цело време. Знам дека никој нејќе да плате во оваа држава, тоа е проблемот . 10% данок и тија нејќе да го плате. Сака да го

избегне. Тука е проблемот. Националниот концепт нас ни е изместен. Знаеш зошто. Затоа што еве ќе запалиме кола, ќе отидиме во Скопје, во кое било министерство. Човек не можете да најдите. Ќе се обратиме, нема кој да ти одговоре. Ако нашите граѓани се задоволни од нашите институции и го добиват тоа што треба. Ќе си ги платат своите обврски. Не може да не ги плаќаме обврските, ако сакаме држава. Затоа ја бива Германија, оти не ја лаже државата и не ја краде, а ние сакаме да се лажиме самите себе, ја лажиме државата и на крајот викаме сега кој ќе плате. Абе една кутија цигари е 150 денари. Он протестира за плата, а цигарата му е во устата. Дај ве молам некои нерационални трошкови да ги намалиме. Ај направете анализа по глава на жител, во пушење сме први, со Турците сме заедно. Во Европа ќе одиме. Значи треба едукации, треба сите работи да ги направиме. И јас сум пушач и не се оправдувам. Не се оправдувам, еве ти кажувам. Денеска давам 6 евра за цигари, а 1000 денара ми е многу за сметка за комуналии. А телефон, интернет трошиме 1500. 1,5 000 000, 2 000 000 броила. Германија е 70 000 000 жители, 60 000 000 броила.Кај нас и мама имала фејсбук, јас не знаев. Значи сите имаат фејсбук бре човек, како да ти кажам.Интернет, сите штракат, трошат.Тоа е чудо невидено. Дај ако сакаме да одиме во Европа, како што викате вие утре да влезиме, мора да се едуцираме и да влезиме. Пането си избега на време. Ја виде болницата блокирана, вика чао., одам во приватно јас. Нема леб тука вика. Значи дај да бидеме реални. Интернатот што треба да го превземиме, го разговаравме претходниот Совет, децата немат редовно храна, немат загревање редовно. Еве нека нема долг према петта особа што вика, да речиме како услов. Јас ти гарантирам, ако го превземе Општина Кавадарци, тоа ќе го надминиме, заеднички ќе го надминеме и ќе има прекрасни услови, наместо 60 деца, целта на Општина Кавадарци е 150 деца да се сместат во интернатот. Имаме прекрасни две стручни училишта, кај што може да доаѓат тука да учат децата предмети и смерови, кои што ги нема во други општини. Знаете дека во Кавадарци во Кромберт и Шуберт одат 200 души на работа секојдевно, ги гледате прилепски автобуси, велешки, кумановски, движат. Значи Кавадарчани не страдаме ние од работа, работа има. Сите сакаме да се вработиме во државно, не знам зошто.

Кога викам сите, ајде може грешка е. Во поголем дел ќе кажам. Не знам зошто. Значи сега на ваа денешница, на ваа достапност секој човек може неограничено да постигне, буквално неограничено. Имаме најразвиено подрачје. Од тука до Мариово. Ако сме имале по 3000, по 5000 овци, по 7000, сега нема овца за лек. Села напуштени, храната отиде во ѓавол. Иднината е во храна и земјоделие, ако се смеат дека тоа не бива. Ние никогаш нема да бидеме индустријалци и тоа ќе ни биде нашата иднина. Советниче јас пак ќе кажам, еве ќе ја спомнам советничката Веса Богева, ако се плашев и ако криевме нешто во ЈП Комуналец никогаш немавме да дозволиме да влезе човек, кој што високо котира во спротивната партија, да влезе директно во финансии . Не криеме, озбилно, тоа е транспарентност . Еднакви сме и не криеме ништо. 100 000 евра кола. Дај сега претера и ти. Какви 100 000 евра. Каква е таа кола од 100 000 евра. Кај се тие 2 коли. Какви коли 2. Кој џип бре советничке. Каков џип е тија. Значи кажавме на прошлиот Совет, види ги сликите убаво. Тоа е товарно возило. Во Водовод е задолжено. Ни е за директорот, ни е за некој друг. Во тоа товарат жаби, оние што набиваат, копачи, лопати, цементо, цевки, по 7 души со чизми се влезени. Каков е тија џип. На дефекти одат со него. Да. Еден автомобил патнички е земен и кај го земавте и тија автомобил, јас не знам, ѓоа многу ќе го искористите. Не е спорното во тија автомобил. Донација добивме од Агенција за одземен имот и секогаш нешто такво прифаќаме . дај Боже наместо да скапува возилото, да го змеиме, не ни е целта да купуваме нови и две нови ѓубрарки се земени. Нови ѓубрарки. И догодина ќе земиме уште 3 ѓубрарки. Мора квалитетот да го дигниме. Да не ги пумпаме луѓето дека нашите сметки се највисоки, најскапи и дека незнам тука во Кавадарци е неподносливо да живееш, тоа како скапо кошта водата, па како скапо коштат комуналиите. Таа ви е цело време теза. Ќе најдите нешто друго, тоа не. Значи не сакам да бидеме како Интернатот, како Водостопанство или како друг, па да ни се смеат луѓето плата да не дадеме. Тогаш сите ќе си одиме, нема никој да седе тука. Буквално сите ќе си одиме. Ај да испадниме во Комуналец пред 300 луѓе и да видеме како се они задоволни и дали се задоволни од платата. Ќе ти речат не. Што е

нормална работа . И кај мене во компанија да отидеш, ќе кажат сакаме повисока плата, кој нејќе. Продуктивноста да се дигне, трошковите да се намалат на минимално. Ова што го спомнавте бели мечки. Нема бели мечки. Ако има, кажете ми ги, сликајте ги, кажете ми ги сериозно. Не штитам никој неработач, а работач секогаш ќе го штитам, затоа што ако можам јас секој ден да работам од 9 па до крај, верувам дека може и некој друг да работе. И нема да го штитиме никој неработач. Е сега имате категорија на луѓе во Комуналец што и документче имат, кој бајпас, кој ова, кој она, ни не можиме против тоа да одиме. Не може против тоа да одиме. Значи на времето, ако сега почниме да анализираме Македонија Пат со 1000 души вработени, на секои 10 км имаше по еден во протокалово. Колку ќе сработе денеска, толку го имаше. Сега на патот ги немаме, а 1500 се вработени. Значи дај да не ги изместуваме работите. Златна Општина си имаме. Ни јас сум вечен тука, ни сум се родил во Општината, нит ви, ни никој друг и нашите генерации ќе им ја оставиме ако сакат да останат децата тука и да учат и да не бегат, а сме една од најдобрите општини за раселеност, ни мора да му оставиме реална ситуација. Реалната ситуација е дека треба да му оставиме чиста слика и видна слика. Лагата излегува на виделина. Манипулацијата излегува на виделина, немаме потреба да манипулираме, да правиме. Знам дека нема да го подржите воа и јасно ми е од која причина нема да го подржите. Ка јас што викам солидарниот данок не го подржувам, ама ќе го платам. Да. Може и емотивен сум, лично ме засега, меѓутоа јас сум секогаш кога треба на некој да му се помогне, да му се помогне. И на државата кога треба да се помогне, сум да и се помогне. И сме го правеле тоа во многу наврати. И во корона поминавме. И во 2001, во војната. И не дај боже да имаме такви ситуации. И бизнис секоторот не е расипнички настроен према државата верувајте. Тоа го знаете. И бизнис секторот ќе помогне на државата, ама еден ден ќе бара да тоа да се возврате на соодветен начин. Да. 10% данок на добивка е одличен данок, најевтин во Европа, ама тија е измислен од ВМРО, не е од вас. Сакате вие да го качувате, како воа се вика прогресивен сакавте да правите. Оти не го направивте.Се повлечивте. Значи 10% од данокот на добивка.

Е тоа е солидарен данок. 10-те %. Па затоа што е минијатурен. Ставете го 20, што. Ако ставете го и за мене. Ама не само за мене, јас не сум црна овца, за бизнисот. Е така. Ставете го 20%. И 20 ќе платат. И не страшното тоа. Страшното е комуникацијата со бизнис секторот и страшното е да му го објасниш и ќе го прифанат . Нема да се униште бизнис секторот со тоа . И ние како компанија учествуваме во загарантирана цена. Бевме кај министерот, не викна, не замоли, да учествуваме во гарантирана цена 10% да намалиме, намалиме производи и учествуваме, во интерес на граѓаните. Нема ние да одиме против граѓаните, али дај да бидеме разумни, да разговараме објективно. Значи на ЈП Комуналец да му дадеме малку ветер во грб на новиот директор, да ја подигне продуктивноста. Белите мечки да не ги штите, ако има такви и Директоре ти имаш раководители на сектори, раководители на одделенија. Гледај сега вака. Тука имаме двајца млади, перспективни и од ВМРО и од СДСМ, треба утре да не заменат. Еве се смеат и двајцата. А треба да ги едуцираме нив за нештото. Нешто кога се праве колективно, не треба да не интересира ВМРО И СДСМ, него треба да не интересира нас во моментот народот во Општина Кавадарци. А кога ќе дојде за посериозни работи и подруго нормално дека секој ќе си ја сфане својата идеологија и стратегија. Добро тераме. Ќе биде и подобро.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика, па советничката, па Пере.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна Градоначалникот многу работи, најголем дел беше нешто што нема врска со тоа што беше точка на дневен ред, болница, Водостопанство. Сега морам да ти одговорам. Во однос на болницата и здравствениот сектор во Македонија сите знаеме дека имавме ковид криза и дека е главната причина за ситуацијата и таа истата е подобрена, во однос на долговите на болницата, по моја информација и се намалени, меѓутоа тоа се долгови генерирани во делот на ковид кризата, кога на ниту еден пациент не му беше наплатено ниту еден денар за третман во болницата, имаме тука неколку лекари, Претседателот е лекар, беше активно вклучен во таа работа и знаеме сите дека генерираните долгови се по тој основ. Во однос на

Водостопанство, Водостопанство има еден нефункционален систем, направен 2015 година, со централизирање направено од страна на ВМРО ДПМНЕ, со централизирање на самата институција и креирање на еден систем кој што е неодржлив и најлесно е да го извадите Водостопанство од лошата финансиска состојба со тоа што ќе им ги покачите цените. Јас искрено кога дојди инцијативата од страна на Влада да се зголемат цените, искрено се залагав да не се прави тоа. Искрено ти кажувам. Не се прави тоа. Оваа година е укинато. За наредна година ќе се разговара, али најлесен начин да извадете одредена работа од лоша финансиска состојба е да им ги покачите цените колега. И тоа вие со ЈП Комуналец постојано го правите. Еднаш, вторпат, третпат, четвртпат, петпат. И цените зголемени за трипати. Износите на Комуналец, зголемени за трипати. И тоа го коментират граѓаните. Не можете да ме убедите во спротивното, заради тоа што секојдневно комуницирам со граѓаните. Дојди цена за Комуналец да биде повисока од сметките што ги плаќаме за струја. У последните 5 години за повеќе од 2,5 пати се зголемени износите на комунални услуги, на сметките за Комуналец. За крај само ќе спомнам во делот на начинот за оданочување. Јас се залагам секогаш за прогресивно оданочување и мислам дека само тоа е фер и правичен начин на оданочување. Тој кој што има и што остварува повеќе приходи, да плате повеќе и тој кој што има повеќе имот исто така да плате повеќе. Тоа ќе донесе поголеми финансиски средства и за општините и за централниот буџет, кои што после ќе може да бидат користени, дали за социјални мерки, дали за капитални инвестиции и за развој на она што претставува јавен сектор, школство, здравство, образование, се она што е инфраструктура и сл.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани значи состојбата во Водостопанство ја коментираше и кажа дека е од 2015. Абе 2017 дојдовте на власт. 2023 сме. Што направивте. Значи ништо не сте правеле. Значи ништо не сте решиле. Ако сте утврдиле дека 2015 била грешка. 7,8 години, абе

поправите, направите нешто, бидете креативни. Зборите дека цените на Водостопанство, сте биле против, сеуште стојат, сеуште нема одлука на Влада дека се повлекува, а наскоро треба да почнат да ги печатат белешките. Каде одлука на Влада. Не се повлечени. Се додека не стигне одлука на Влада не се повлечени.

Тоа е една работа. Друго пропаста на Водостопанство немој да ја барате во претходните. Знаевте ли вие дека имавте афера во Струмица дека државни пари на Водостопанство беа проневерени. Сите портали. Проверете си. Проверете си, беа таму раководител, благајник не знам кои беа фатени дека парите од благајна си ги зеле и си ги потрошиле, така да ќе ве молам. Ќе ти пратам линк. Мило ми е што ја читате програмата на ВМРО ДПМНЕ, затоа што само квалитетна програма треба да се чита повеќе пати. Има што да се прочита, има што да се науче. Тоа е една работа. Во програмата ние ветувавме почист град, редовно водоснабдување, почист град и тоа го исполнуваме, така и ќе остане, така и ќе биде и Кавадарци за сите, не само за поединци. Во вашата програма каде ветивте дека телешкото месо ќе биде 800 денари, едно пиле ќе биде 450 денари, парче сирење ќе биде 500 денари, кашкавал 700 денари. Да ве потсетам што им ветивте вие на парламентарните избори. Дека ќе правите регионален пат, заобиколница, која што ќе биде горе до Мајдан. Не, не прочитајте си ја програмата, вашата програма прочитајте си ја за парламентарните. Вие во програмата треба да се проверите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Влеваме во една тема, кај што нема излез. Значи надвор од точката е, глупости. Значи патот граничен, обиколницата беше во двете програми и на вашиот Градоначалник и на нашиот. Како тоа само на наш. Иста беше точката.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега Перо Николов проблемот е што тоа го разговаравме неколку пати по ред. Најголем дел од вашата програма која што сте ја ставиле, немате ингеренција да ја направите. Значи однапред сте ги лажеле граѓаните и сега само доаѓаш и ми ја

потврдуваш тезата. Тоа е во тија дел. Во делот на Водостопанство шпекулираш тука наводно криминали,и првпат ова го слушам,искрено да ти кажам и сакам да ме информираш од кои портали си ги добил информациите, да го добијам линкот, ќе ми биде многу мило да го добијам линкот, муабетот ми е, колега во поглед на цените, ние носиме одлуки за замрзнување на цените. Како носиме одлуки за замрзнување на цените, вие викате чекај малце, па сега приватниот сектор се буне зошто ги замрзнувате цените. Дај одлучите се за кои сте. Дали сте за приватниот сектор, дали си за граѓаните. Кажи ми за кого си. Како ќе ги замрзнеме цените одма излегувате и викате компаниите ќе пропаднат, сега што правиме. Сега земи одлучи се. И за Водостопанство не зборувај колега, не зборувај. Значи ја уништивте компанијата. А уништивте буквално.Неблагодарно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ај малце да одиме на точката на дневен ред. Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници, почитувани граѓани на Општина Кавадарци, почитувани медиуми. Најнапред по оваа точка да му честитам на новиот директор и да му посакам успешна работа, меѓутоа не треба да го заборавиме и претходниот директор, почитуваниот г-дин Орце Клинчаров и неговите заслуги за успешноста во работењето на Комуналното претпријатие и мора тоа да го признаеме дека било така. Во врска со оваа точка мора сите од ЈП да бидат екипирани, мора да бидат иницирани, мора да најдат начин за ставарање на други приходи, како што беше кажано претходните дискусии за таков израз, тој термин, бели мечки не треба да стане збор, не смееме да го помислиме тоа. Како е во приватните фирми многу добро знам јас дали има или нема и да знате дека не смее да има таков термин или израз за некој вработен во некое ЈП под ингеренција на Општината. Во врска со инцијативноста ваша, јас пред мислам има година време откога разговаравме слично на покачување на водата, мислам дека и тогаш на првиот совет на претходниот директор беше и покачувањето на цената на водата. Сега на првото ваше присуство актуелен Директоре е покачувањето на цената за јавна чистота. Таква ви била судбината. Јас

предложив и дел од приходите да се стварат со зголемени казни за комунална нехигиена, за создавање на диви депонии и ред други работи, за кои што може да се разговара и да се зголемат приходите, да се намалат трошковите, како што беше со претходните дискусии, меѓутоа мора да бидете економични, мора максимален ангажман од сите вработени, оти ова покачување сега, не значи дека ќе ги реше сите проблеми финансиски кај вас .Не сакам да стане збор да помислиме дека во иднина ќе се намалат бројот на деновите кога се изнесува сметот или чистењето на улиците, не сакам да помислиме на такво нешто. Мора хигиената да биде на високо ниво, ама за тоа пак сите да бидат ангажирани во намалувањето на трошоците. Граѓаните што најмногу ги провоцира на пример. Јас реков и минатата година, на крајот на минатата година тој Совет кога беше она награда 13-та плата или како беше од ваша страна наречена таа, дека наградување мора да има за сите тие што работат, има вредни работници и вреден кадар во вашето претпријатие, знам многу од нив и тие мора да се наградат, меѓутоа секој што не се ангажира, што не ги исполнува некои норми мора да се, не само што да не се награде, туку и да се казне . Мора да најдете критериуми за наградување за да не биде така подифолт сите да зимат рамномерно некое покачување и некоја плата и очекуваме до крајот на годината да има ново зголемување на минималната плата. Ако во 2017 беше 9800 денара минималната плата, сега во 2023 година е 18 000 денари минималната плата . Очекуваме до Нова Година или во јануари месец тоа да се зголеме на 20 000 или 21 000 денари минимална плата. Тоа ќе предизвика кај вас на тија број на вработени, околу 330, 340, колку сте повторно да има потреба од некое покачување и на граѓаните мора да му биде јасно дека и покачувањето е во интерес на одржувањето на финансиската кондиција на комуналното претпријатие, меѓутоа не смее ниту еден вработен да се понаша расипнички во тој дел. Во овој дел имам толку да кажам. Само ќе додадам дека ни е мило што гледам двајца млади таму на крајот од салата, млади советници од двете партии, меѓутоа сакам да напоменам дека не се само во Советот присутни, Советот не го чинат само ВМРО и СДСМ, не знам по кои критериуми се избрани, ми е мило, така треба да биде, ги поздравувам нив, ама сакам

и ние како независни советници да имаме можност да пратиме по некој млад советник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Имаше оглас за Локален Совет на млади на кои имаше можност да се вклучат што е можно поголем број на лица.

Почитувани советници на крај би додал јас некој збор.

Прво да му честитам на менаџерот на ЈП, кој искрено се слагам со вас прва точка, нов менаџер, многу неблагодарна точка во однос на покачувањето, меѓутоа искрено ЈП кога менаџираш со него, треба два рала опинци да ставиш за да го раководиш. Се работе за најголемото ЈП во Општина Кавадарци, одговорноста на менаџерот, на Градоначалникот е околу давањето на комуналните услуги и на Кавадарчани е приоритет и број интерес за нас како раководство и носители на јавната функција во Општина Кавадарци. Во однос на давањето на комуналните услуги сметам дека може со што да се пофалиме, пред се во однос на хигиената и чистотата, пред се во однос на задржување на динамиката на чистење и одржување на јавната хигиена и јавното зеленило во градот. Повикувајќи се на начинот на живеачка во нашата држава, повикувајќи се на високите стандарди на живот, зголемената инфлација, сметам дека политички кога се препукуваме дали има покачување на локално или на јавно ниво, политичките партии тоа го користат за добивање на политички поени, меѓутоа интересот на граѓаните и жителите на општините сметам дека е многу битен. Од една страна точно покачувањето удира на нивниот џеб, меѓутоа тоа покачување е и од локална и од централна власт. Како жител на Општина Кавадарци сметам дека Општина Кавадарци треба и во идно време да биде голем партнер со ЈП Комуналец. Таму се покачува минималната плата, се створи еден гап каде што треба зголемување на износот на плата на тоа ЈП на месечна основа е зголемен за околу 2 000 000 денари, пари кои што искрено како даватели на јавни услуги, ќе мора да одат повторно на грбот на граѓаните, тоа сме свесни, меѓутоа нас што ни останува друго како како Градоначалник, како менаџери, како Совет, само да бидеме добри контролори на нивната работа, големи контролори на продуктивноста на нивните вработени, кое искрено во денешно

време преку овие социјални мрежи, преку овој начин на лесна транспарентност и комуникативност со менаџерот и Градоначалникот ни останува само да го погледаме и да видиме лично како функционира и одреден нивни проблем, значи такви заштитени како што рековме пред малку работници не би требало да има. Во однос на начинот на вработените сметам дека како што кажа и Градоначалникот колку и да му се зголеми платата сметам дека трошоците за животот толку поскапеја, да не верувам дека ќе бидат задоволни од сето тоа, меѓутоа јас како вработен од јавниот сектор како лекар, еве и мојата плата Владата како што најави ќе биде поакчена 10% , плус 10 000 денари годишен регрес во декември месец ќе ми бидат покачени, јас искрено тие пари нема да не прават среќни, меѓутоа во ова време на инфлација како централна власт, апсолутно мора да го следат овој тренд, бидеји подгревањето и подобрување на животот значи и повисоки примања. Дали тоа е добро или не, на крајот едно е јасно дека како централна власт, така и локална власт, како таа мора да се грижи за нивните граѓани, така и Градоначалникот и менаџерот и Советот треба 223 да размислуваат пред се за тие 330,340 вработени и сметам дека ова покачување на комуналниот износ за смет оди токму во одржување на рентабилноста на ова ЈП. Ви благодарам. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ве молам кој е за уште еднаш. 10 за. 5 против.

Почитувани советници со тоа е исцрпен денешниот. Се извинувам. Да. Се извинувам. Значи извинете.

Предлог Одлука на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота бр.07-6062/10 од 27.12.2010 година ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. Против. 6.

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште,с.Страгово, с.Мрежичко и м.в. Мушов гроб бр.08-5263/11 од 25.08.2022 година ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. 6 против.

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дабниште, с.Горников и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово бр.08-1313/11 од 28.02.2023

година ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. 10 за. 6 против.

Предлог Одлука по Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот бр.08-5263/10 од 25.08.2022 година со арх.бр. 02-1641/8 од 25.09.2023 година ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. 6 против. И последната точка.

Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад бр.07-413/8 од 08.02.2010 година ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за, 6 против.

Со тоа е исцрпен дневниот ред на денешната седница. Ви благодарам за вашето присуство и вашето внимание.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов